Март 2019

**ДО: Сите заинтересирани страни**

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ**

Почитувани,

Ве известуваме дека објавениот пречистен текст на Општите услови за осигурување на имот е врз основа на претходно извршено усогласување на постојниот текст на Условите со цел законско доусогласување на текстот на истите.
Се прифаќа предлогот за усвојување на измена и дополнување на Општите услови за осигурување на имот усвоени со Одлука на Управен одбор (Арх.бр. 6664/0202/1/15 од 20.05.2015 година) како што следи:

**Во член 3 во точката (4) се брише последната реченица.**

**Изменетата точка (4) ќе гласи:**

„ (4) Во случај на несогласување на некоја одредба од општите и посебните услови и некоја одредба од полисата, ќе се примени одредбата од полисата.“

**По членот 16 се додава нов член 17 кој гласи:**

**„Враќање на премија”**

**Член 17**

1. Ако предметот на осигурување е уништен пред почетокот на обврските на Осигурувачот, на Договорувачот на осигурување му се враќа износот на наплатената премија намалена за износот на трошоците за издавање на полисата;

2. Ако предметот на осигурување е уништен по почетокот на обврските на Осигурувачот од ризици опфатени со осигурување, на Осигурувачот му припаѓа целиот износ на премијата пресметан со полисата за осигурување и истата доспева за наплата веднаш во целост;

3. Доколку до моментот на прекин на полисата не била настаната штета премијата може да се врати под услов истата да е платена во целост и доколку не се изминати повеќе од 8 месеци од периодот на почетокот на осигурувањето, во спротивно на Осигурувачот му припаѓа целиот износ на премијата;

4. При прекин на полиса, во случаи предвидени со овие Услови, покрај доказот за прекин на полисата, Договорувачот / Осигуреникот, доставува и барање за прекин / изјава за немање штета.“

**Во членот 25 став (1) точка 1 се менува алинеата а) и се додаваат две нови алинеи г) и д) кои ќе гласат:**

а) биолошка, радиоактивна, нуклеарна и/или хемиска контаминација;

г) штети настанати како директна или индиректна последица на сајбер (интернет) напади односно сите ризици од сајбер (интернет) основ не се предмет на осигурување.

д) штети настанати директно или индиректно како последица на азбест, или било како се поврзани со азбест или материјали кои содржат забест, односно сите ризици кои се поврзани и во допирна точка со азбест не се предмет на осигурување."

**Досегашните членови нумерирани од 17 до 42 се пренумерираат и последователно истите во иднина се нумерираат од 18 до 43.**

Сите останати членови во Општите услови за осигурување на имот остануваат непроменети.

Пречистениот текст на Општите услови за осигурување е објавен на web страната на ВИНЕР.

Со почетокот на примената на изменетите и дополнети Општи услови за осигурување на имот од 28.03.2019 година, престануваат да важат Општите услови за осигурување на имот од 20.05.2015 година.

Со почит
**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР- Виена Иншуренс Груп Скопје**